МКС Македонско трговско друштво за сертификација и оценување-ДОО Скопје
MQS-Macedonian trade company for certification and Assessment-DOO Skopje

| Примено: | 14.06.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 3/202 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-4229/11
14-06-2022 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР

## за ресертификација на систем за управување со квалитет, согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001:2015

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 1000 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст: „Договорен орган" од една страна, и

2. **МКС-Македонско трговско друштво за сертификација и оценување-ДОО Скопје MQS-Macedonian trade company for certification and Assessment-DOO Skopje**, со ЕМБС 5611024, со седиште на Бул. Партизански Одреди бр.106-1/2, 1000 Скопје претставувано од управител Веле Темелкоски, во понатамошниот текст: „Носител на набавката", од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка на услуги како набавка од мала вредност во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со арх. број 02-4229/1 од 31.05.2022 година, Одлука за избор на најповолен понудувач со арх. број 02-4229/9 од 08.06.2022 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Член 2

Предмет на јавната набавка е набавка на услуги за ресертификација на систем за управување со квалитет, согласно барањата на меѓународниот

стандард ИСО 9001:2015, со надзорни проверки во Министерството за труд и социјална политика, во органот во состав Управа за прашања на борци и воени инвалиди и во соодветните институции кои се под надлежносг на министерството: Заводот за социјални дејности и сите Меѓуопштински центри за социјална работа (ЈУ МЦСР Берово, ЈУ МЦСР Битола, ЈУ МЦСР Македонски Брод, ЈУ МЦСР Валандово, ЈУ МЦСР Виница, ЈУ МЦСР Гевгелија, ЈУ МЦСР Дебар, ЈУ МЦСР Делчево, ЈУ МЦСР Демир Хисар, ЈУ МЦСР Кавадарци, ЈУ МЦСР Кочани, ЈУ МЦСР Кратово, ЈУ МЦСР Крива Паланка, ЈУ МЦСР Крушево, ЈУ МЦСР Куманово, ЈУ МЦСР Неготино, ЈУ МЦСР Охрид, ЈУ МЦСР Прилеп, ЈУ МЦСР Пробиштип, ЈУ МЦСР Радовиш, ЈУ МЦСР Ресен, ЈУ МЦСР Свети Николе, ЈУ МЦСР Скопје, ЈУ МЦСР Струга, ЈУ МЦСР Струмица, ЈУ МЦСР Тетово, ЈУ МЦСР Велес, ЈУ МЦСР Штип, ЈУ МЦСР Кичево и ЈУ МЦСР Гостивар.

## НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Носителот на набавката е должен квалитетно, совесно и навремено да ги извршува услугите - предмет на набавката и тоа во деловните простории на Министерството за труд и социјална политика, органот во состав Управа за прашања на борци и воени инвалиди и соодветните институции кои се под надлежност на министерството: Завод за социјални дејности и 30 Центри за социјална работа и во согласност со барањата наведени во прифатената техничка спецификација.

Член 4

Носителот на набавката е должен сукцесивно да ги извршува услугите предмет на набавката, во рок од 25 месеци, а со следнава динамика:

- Да издаде сертификат за Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001:2015 во најкус можен рок од денот на доставување на извештајот за извршената проверка
- Да изврши прва надзорна проверка според барањата на ИСО 9001:2015 во рок до 12 месеци од издавање на сертификатот
- Да изврши втора надзорна проверка според барањата на ИСО 9001:2015 во рок до 24 месеци од издавање на сертификатот (т.е. до 12 месеци од првата надзорна проверка).

Носителот на набавката треба да издаде официјална потврда - акредитиран сертификат за усогласеност со меѓународниот стандард за

управување со квалитет ИСО 9001:2015 со времетраење од 3 (три) години и со впишување на сопственикот на истиот во релевантниот регистар.

Се предвидува да се спроведе прва надзорна проверка во рок од 12 месеци од ресертификацијата според барањата на ИСО 9001:2015 и втора надзорна проверка во рок од 24 месеци од ресертификацијата според барањата на ИСО 9001:2015.

Член 5

Носителот на набавката, во согласност со добрите деловни принципи, мора да ја чува тајноста на техничките, финансиските и другите деловни податоци како и личните податоци - деловна тајна за Министерството за труд и социјална политика, УПНВИ и институциите кои се под надлежност на Министерството до кои до кои ќе доаѓа при извршување на договорените услуги.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Договорот за јавна набавка е со важност од 36 месеци од денот на склучувањето на договорот.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Вредноста на овој договор изнесува 300.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 54.000,00 денари.

Вкупната цена на набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Начинот на плаќање е по целосно изреализирана услуга со доставување на фактура по извршена услуга во рок до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерството за труд и социјална политика во прилог со Извештај за извршена услуга, уредно потпишан и заверен од страна на овластеното лице на Договорниот орган. Плаќањето ќе се врши на следниот начин:

- 60 % (шеесет) проценти од вредноста на договорот за јавна набавка по извршен ресертификациски процес, издавање на сертификатот, достава на извештај и доставена фактура од страна на Носителот на набавка,
- 20 % (дваесет) проценти од вредноста на договорот по извршена прва надзорна проверка, достава на извештај и доставена фактура од страна на Носителот на набавка, и
- 20 % (дваесет) проценти од вредноста на договорот по извршена втора надзорна проверка, достава на извештај и доставена фактура од страна на Носителот на набавка.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 10

- да одреди лица/водечки проверувачи (аудитори) кои ќе го сочинуваат ресертификациониот експертски тим;
- Да обезбеди стручност (компетентност) и техничката поддршка за успешно спроведување на процесот на ресертификација,
- да изработи и достави план и програма за ресертификација на Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015, во кој ќе се утврдат точните датуми на ресертификација која треба да се изврши во најкус можен рок од денот на доставување на извештајот за извршената проверка, рок не подолг од еден месец од денот на склучување на договорот;
- да изврши проверка на документацијата од Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015 со која располага Министерството за труд и социјална политика, УПБВИ и

институциите под надлежност на МТСП ( ЈУ/МЦСР и Заводот за социјални дејности);

- по потреба да спроведе интервју со вработените во Министерството за труд и социјална политика, УПБВИ и институциите под надлежност на МТСП ( ЈУ/МЦСР и Заводот за социјални дејности);
- да изработи и достави извештај за извршената проверка на усогласеноста на Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015 и за евентуално најдените неусогласености да даде предлог за нивно надминување;
- да издаде сертификат за Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015 во најкус можен рок од денот на доставување на извештајот за извршената проверка. Времетраењето на акредитираниот сертификат да биде 3 (три) години. (доставување на оригинален сертификат во електронска и печатена форма на македонски и на англиски јазик). Издадениот сертификат да го регистрира во својата база на издадени сертификати;
- да изврши прва надзорна проверка во Министерството за труд и социјална политика, УПБВИ и институциите под надлежност на МТСП ( ЈУ/МЦСР и Заводот за социјални дејности) по 12 месеци од издавањето на сертификатот (во периодот на валидноста на сертификатот) и да изработи и достави извештај од надзорната проверка на Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015;
- да изврши втора надзорна проверка во Министерството за труд и социјална политика, УПБВИ и институциите под надлежност на МТСП ( ЈУ/МЦСР и Заводот за социјални дејности) по 24 месеци од издавањето на сертификатот и да изработи и достави извештај од надзорната проверка на Системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015.
- Да му дозволи на договорниот орган за времетраењето на важноста на сертификатот за свои потреби да го користи логото на носителот на набавката.

- Носителот на набавката се обврзува дека стучно, професионално и квалитетно ќе ги извршува услугите предвидени со овој договор
- Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 11

- Да ги направи достапни сите потребни информации за исполнување на обврските;
- Да одреди лице кое ќе соработува со тимот на водечки аудитори;
- Да соработува во спроведувањето на процесот на ресертификација.
- треба да обезбеди навремена информираност на аудиторите за сите околности и процедури кои се релевантни за аудитот,
- се обврзува дека ќе врши исплата на цената согласно начинот и условите определени во член 9 од овој Договор

Лице одговорно за реализација на договорот кај Договорниот орган е Светлана Цветковска.

## ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 12

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во рокот определен во овој договор, истиот е согласен на договорна казна во висина од 0,05% од цената определена во член 8 од договорот за секој ден доцнење.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја пресмета и ќе ја одбие од цената определена во член 5 од овој договор.

## ВИША СИЛА

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло поради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради виша сила должна е во рок од 24 часа

писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање.

**Член 15**

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор. Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 18**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на треата страна, без взаемна писмена согласносг.

**Член 19**

Овој Договор е состaвен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Министер,** | **Управител,** |
| **Јованка Тренчевска** | **Веле Темелкоски** |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор